# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
# – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

## АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ

**Број** 57
**Скопје** 11.11.2024

До Неговото Високопреосвештенство, г. Николај,
Митрополит Источно-американски и Њујоршки,
Првојерарх на Руската Задгранична Црква

Ваше Високопреосвештенство, драг Наш брате и сослужителу,

Длабоко Нѐ растажи веста за упокојувањето на Неговото Високопреосвештенство Архиепископот Чикашки и Средно-американски Петар. Со блаженоупокоениот Архиепископ се знаевме уште од нашите студентски денови на Богословскиот факултет во Белград. Уште тогаш беше забележливо дека тогашниот млад студент се одликува со исклучителна љубов кон Бога, кон Црквата Христова и кон сите луѓе.

Потоа, откако двајцата станавме Архијереи, ја имавме можноста неколкупати да се сретнеме, па и во тие наши средби со радост ги воочувавме неговата целосна посветеност на Црквата и на своето паство, неговата природна добрина и духовна радост на личност којашто живее во Светиот Дух.

Го молиме семилостивиот Бог, Кого што покојниот Архиепископ Петар толку многу Го Љубеше и Кому што толку верно Му служеше да ја прими неговата душа во местото на праведниците.

Ваш брат и сослужител,

АРХИЕПИСКОП
ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ

Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија * СКОПЈЕ * Архиепископ Охридски и Македонски

Македонска Православна Црква
– Охридска Архиепископија
тел. +389 (0) 2 313 66 31
моб. +389 70 27 72 87
mpc.org.mk

„Партизански одреди" бр. 12,
1000 Скопје
Република Македонија
mpc@mpc.mk
kabinet.na.arhiepiskopot@gmail.com